**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 ноември 1998 година**

Седницата се одржа во зградата на Владата, Големата сала, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше најстариот по години пратеник академик Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Во согласност со одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија, имам чест да ја отворам Првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија.

(Претседавачот го најавува хорот кој ја пее химната)

(Сите стануваат)

(Хорот ја исполнува химната и ја напушта салата)

(Хорот беше пропратен со аплауз).

Дами и господа пратеници, почитувани гости.

Дозволете ми од мое име да го поздравам Претседателот на Република Македонија, (Аплауз); да ги поздравам владините и државни претставници, претставниците на политичките партии, да ги поздравам судските, научните, образованите и духовни претставители на одделните конфесии, ги поздравувам нивните екселенции акредитирани во Дипломат-скиот кор за Македонија, ги поздравувам сите присутни и пожелувам среќна и добра работа на Собранието. (Аплауз).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија;
2. Верификација на мандатите на пратениците;
3. Избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изтборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
4. Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред, нека крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Благодарам.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Поминуваме на првата точка од дневниот ред - Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија.

Верификационата комисија се состои од претседател и четири члена, а ја избира Собранието по предлог на претседавачот.

За претседател на Верификационата комисија го предлагам пратеникот господинот Томислав Стојановски, а за членови на Комисијата пратениците Јордан Бошков, Благој Стојковски, Мерсел Биљали и Томислав Петровски.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам дали се изброени гласовите за предлогот?

Фактички гласале сите 111 од присутните 112 пратеника, но само еден воздржан.

Констатирам дека за претседател на Верификационата комисија е избран Томислав Стојановски, а за членови на Комисијата се избрани Јордан Бошков, Благој Стојковски, Мерсел Биљали и Томислав Петровски.

Го молам претседателот на Верификационата комисија веднаш да свика седница на која Комисијата ќе го разгледа Извештајот и другите изборни акти на Државната изборна комисија и на Собранието ќе му поднесе свој извештај со предлог.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во слаа број 218 на II кат во ова здание.

Ја прекинувам седницата за да може Верификационата комисија да го подготви својот извештај.

Седницата ќе продолжи со знакот на означувањто на звонцето.

Благодарам на вниманието.

(Седницата прекина со работа во 10,30 часот).

(Седницата продолжи со работа во 11,50 часот)

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по втората точка.

Верификација на мандатите на пратениците.

Извештајот на Верификационата комисија Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија.

Дозволете даму дадам збор на претседателот на Верификацио-ната комисија .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, дозволете ми да одиме на Верификационата комсииај и да го дадам Извештајот за потврдување на мандати на пратеници кои се избрани на Третите парламентарни избори, одржани оваа година помеѓу 18-ти октомври и 1-ви ноември оваа година.

Комисијата, разгледувајќи го Извештајот од работата на ДИК, констатира дека по спроведувањето на изборите одржани на овие два датуми ги исполнува условите за верификација на мандати во ова Собрание лицата во Извештајот кој што Ви е доставен, почнувајќи од број 1, заклучно до број 112. Нема верификација на 8 мандати од кои 7 се во процедура после извршено гласање и едното сеуште не е завршено гласањето.

Благодарност од изборните комисии и избирачките одбори за спроведени избори останува на наша страна. Било како било се доведоа овие избори некако и е доволно ние денеска на овој ден да го имаме во непотполн состав третиот состав на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот. Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија .

Кој е за, Извештјаот и Предлогот, молам да крене рака?

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (нема)

За Извештјаот и Предлогот на Верификационата комисија гласаа сите присутни 112 пратнеици.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комсија се усвоени и дека со тоа е извршена верифимкација на мандатите на 112 пратнеици во Собранието.

Со оглед на тоа штоо на претседателот на Владата на Република Македонија и на одреден број на членови на Владата денеска им е верифициран мандат согласно член 6, став 3 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, им преста-нуваат функциите во Владата на Република Македонија.

Заради обезбедување континуитет во работата на Владата на Република Македонија, а согласно член 93 од Уставот на Република Македонија, оваа Влада е во оставка и заради тоа Владата ќе ги врши само неопходните функции до изборот на Нова Влада на Република Македонија.

Ве молам за мало трпение за да Ви се поделат предлог на 10 пратеници за членови на Комисијата за прашања на изборote и именувањата.

Ги молам Службите да ги поделат.

Минуваме на точка 3.

Избор на претседатеал и членови на Комисијата за прашања на. изборите и именувањата.

Согласно член 12 од Привремениот деловник на Собранието на Република Македонија, Собранието на Првата седница по Предлог од најмалку 10 пратеници избира Комисија за прашања на изборите и именувањата, која ја сочинуваат претседател и 12 членови.

Група од 10 пратеници, соодветно застапени од политичките партии, поднесе предлог за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Предлог на состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви е доставен до Вас.

Отворам претрес по Предлогот за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидеј ки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Кој е за предлогот,

Пратеникот Чедомир Краљевски, да биде избран за претседател, а пратеаниците Горан Невеновски, Слободан Ќосев, Крале Спанчевски, Јордан Бошков, Горанчо Лазов, Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Благој Стојковски, Мевљан Таири, Абдулади Вејсели, Љупчо Анушев и Алириза Лога?

Молам, да кренете рака, кој е за овој избор?

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржан? (нема)

За Предлогот гласаа сите присутни 112 пратеници.

Констатирам дека Чедомир Краљевски е избран за претседател, а Горан Невеновоски, Слободан Ќосев, Крале Спанчевски, Јордан Бошков, Горанчо Лазов, Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Благој Стојковски, Мевљан Таири, Абдулади Вејсели, Љупчо Анушев, и Алириза Лога.

За членови на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата.

Според Привремениот деловник на Собранието на РМ, кандидат за претседател на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Кандидат за претседател на Собранието можат да предложат и најмалку 20 пратеници. Ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранивто.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да свика

седница на која Комисијата треба да утврди кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија, доколку нема друг предлог од 20 пратеници.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во сала број 219 на III кат.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата да одржи седница и да му предложи на Собранието кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлагам пауза .

(Седницата прекина со работа во 12,05 часот)

(Седницата со работа продолжи во 13,25 часот).

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници,

Дозволете да поминеме на четвртата точка од дневниот ред Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да го образложи предлогот.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Чест ми е од името на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија за претседател на Собранието на Република Македонија да го предложам проф. д-р Саво Климовски.

Проф. д-р Саво Климовски е афирмиран научен работник од областа на правните науки, а особено ги проучува уставното право и политичкиот систем. Проф. д-р Саво Климовски има објавено повеќе научни трудови од овие области.

Покрај оваа научна афирмираност д-р Саво Климовски вршел значајни општествени и политички функции, меѓу кои позначајни се: член на Извршниот совет на Собранието на СРМ, претседател на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура, во два мандатни периода  бил декан на Правниот факултет во Скопје и претседател на Сенатот при Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје. Професорот Саво Климовски е и еден од оснивачите на Партијата Демократска алтернатива и член на нејзиното најтесно раководство.

Убедени сме дека проф. д-р Саво Климовски успешно ќе ја обавува функцијата претседател на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по Предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македо-нија и член 27 од Привремениот деловник Собранието од редот на пратениците избира претседател со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Согласно одредбите на Привремениот деловник на Собра-нието претседателот на Собранието се избира со јавно гласање, а изборот може да биде и со тајно гласање ако така се одлучи на седницата на Собранието по предлог на еден пратеник.

Дали некој од пратениците предлага изборот да се изврши со тајно гласање? (Никој) .

Констатирам дека изборот за претседател на Собранието на Република Македонија ќе го извршиме со јавно гласање.

Дозволете да преминеме на јавно гласање.

Кој е за предлогот пратеникот д-р Саво Климовски да биде избран за претседател на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака? (69 пратеници).

Од пребровените гласови, 69 се за дадениот предлог.

Кој е против? (24 пратеници).

Против гласаа 24 пратеници.

А, од гласањето кој се воздржува? (Никој).

Нема воздржани.

Констатирам дека пратеникот д-р Саво Климовски е избран за претседател на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз).

Дами и господа пратеници, почитувани гости.

Дозволете ми во ваше и во мое име да му го честитам из-борот на претседателот на Собранието господинот Саво Климовски, а воедно да му посакам успех во работата.

Несомнено е дека пратениците во кои се слеаја народната волја и љубов посакувам да бидат будни чувари и достоинствени креатори во овој законодавен дом.

Во таа смисла го молам претседателот на Собранието господинот Саво Климовски да дојде на претседателската маса да даде свечена изјава и да го заземе своето место.

Ве молам да направиме една почит, да станеме.

(Присутните во салата стануваат додека претседателот на Собранието проф. д-р Саво Климовски ја дава свечената изјава).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Скопје, 19 ноември 1998 година. (Аплауз).

(Новоизбраниот претседател на Собранието на Република Македонија проф. д-р Саво Климовски ја потпишува свечената изјава).

(Господинот Никола Кљусев го преотстапува претседателското место на новоизбраниот претседател на Собранието проф. д-р Саво Климовски и лично му честита на изборот).

**Проф.д-р САВО КЛИМОВСКИ:**

**Почитувани пратеници, дами и Господа,**

Пред да ви ја изразам мојата благодарност, јас би сакал да напоменам дека ние ја извојувавме победата со логанот "За промени". Промените, како што гледам, сеуште во Собранието не се стигнати. И, верувам дека од наредните седници, барем овие протоколарни, да не говорам некои други седници, ќе треба од аспектот на Службата да бидат многу поажурни за да не чекаат граѓаните толку долго нанекои технички аспекти и да ја забавуваат нашата ефикасност. Така што, тие промени, ќе се заложам, прво да се почувствуваат овде во нашата работа, а потоа верувам ќе ги почувствуваат граѓаните и понепосредно.

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Чувството на чест и признание што го искажавте кон мене со вашата определба да бидам primus interpares, односно прв меѓу еднаквите во Собранието на Република Македонија, за што сум ви искрено благодарен, е помало од тежината на одговорноста на функцијата што треба заедно да ја оствариме во наредните четири години.

Штотуку завршениот трет изборен циклус внесе во историјата на македонската парламентарна демократија еден нов елемент што битно ја менува нејзината содржина, а тоа е евидентно ослободената енергија на граѓанките и граѓаните во сознанието дека тие се единствени носители на политичкиот суверенитет и дека отсега тие навистина ќе одлучуваат за судбината на секоја власт и влада во Република Македонија. Нивниот глас даден за секого од нас на овие избори треба да го сфатиме не формално, како исполнување на граѓанска должност, туку пред очи секогаш да ги имаме јасните, недвосмислени, иако болни и исполнети со огромна надеж и доверба пораки на тие, за жал, во голема мерка осиромашени но горди и достоинствени граѓанки и граѓани, што јас, накусо, ќе ги скицирам како неодложност, како бит, како насушна потреба и би рекол вјерују на овој Парламент.

Ништо нема позначајно за нас и нашата работа од создавањето на правна рамка и политички амбиент за реализација на Програмата за обнова и развој на Република Македонија. Луѓето молат за работа, тие сакаат од својот труд да живеат и на тој начин да го сочуваат достоинството на сопствената личност, интегритетот на своето семејство и чувството дека се корисни и почитувани граѓани во сопствената држава. Тоа може и треба да се направи со еден нов инвестиционен циклус и со максимална поддршка на се што е креативно, економски профитабилно и конкурентно и што ќе отвори нови, реални работни места во производството. Токму на овој план, почитувани пратенички и пратеници ние ќе опстоиме, или, пак, ќе мораме пред време да си заминеме.

Затоа, врз основа на овие основни економски и социјални претпоставки ќе треба да ја градиме демократската политичка култура, која опфаќа: прво, консензус околу еден круг темелни вредности и правила на игра; второ, кон демократијата приврзана власт и лојална опозиција; и трето, самостојно јавно мислење.

Демократската политичка култура е некој вид социјална повелба за цивилизирана борба, што ја регулира борбата за моќ. Впрочем, демократските институции се плод што настанува врз почва со долготрајно култивирање и негување. Затоа, покрај значајните разлики во интересите, целите и погледите, постои заедничка платформа во секој парламент, доволно широка, ривалската конкуренција на партиите да не доведе до распаѓање на системот. Оттука, претпоставка на секоја демократија е согласноста на речиси сите политички субјекти околу базичниот консензус кој содржи: согласност на правилата на процедурата, реализација на легитимните цели на државната политика, максимална толеранција и политичка култура во размена на аргументите со основната човечка учтивост и почитување на политичкиот противник, како и уважување на сечии еднакви права и заштита на сите граѓани, без оглед на нивната национална, верска, па и идеолошка и партиска припадност. Собранието, како отворен дом на граѓанките и граѓаните мора да го поставиме како епицентар на зрачење на новата демократска политичка култура.

Во овој дух мора да ги интензивираме започнатите напори за напуштање на сите рецидиви и остатоци од собранискиот облик, а повеќе би рекол практицирање на таквата собраниска организација на власта и целосна и доследна афирмација на поделбата на власта како начело што има за цел зачувување на слободата на граѓанинот и сузбивање на опасноста политичката власт да се претвори во деспотизам. Според текстот на Уставот и

однадвор гледано, македонската политичка зграда ги има речиси истоветните обележја и политичкиот живот на развиените западни општества: имаме парламент, имаме повеќепартиски систем, имаме политичка конкуренција и избори и имаме, засега барем декларирана правна држава. Но, она виталното, она битното, она суштинското - автентична демократска култура се уште е во својот зачеток. Затоа ние треба парламентарните форми да ги ослободиме од фасадниот декор и да овозможиме во нив да пулсира вистински демократски живот. Формалниот парламентаризам, како обележје на системот, мора да се исполни со соодветна демократска содржина. Тоа подразбира и конкретно преиспитување на соодносот на трите носители на организацијата на власта во смисла на прецизно лоцирање на извршно-управната функција во системот на поделбата на власта.

Демократијата не може да се оддели од правната држава, бидејќи нејзината содржина се оживотворува преку почитување на правно утврдените процедури и правила на однесување. Правната држава претставува condifio sine gua non на демократијата бидејќи демократијата без правната држава претставува обична, апстрактна форма која нема никакво вредносно значење.

Меѓутоа, од друга страна, и демократијата претставува битна претпоставка на правната држава. Без неа е речиси невозможно одредување на границите на правниот интервенционализам во практиката. По својата природа, демократијата ја исклучува политичката инструментализација на правните норми. Затоа, демократијата и демократските вредности имаат позитивно дејство во изградувањето на правниот систем.

Ако се појде од овие релации, затоа и овој вовед го дадов, воспоставувањето на правната држава во Република Македонија е насушна потреба не само за да се расчисти на легален начин со корупцијата, со дрогата и криминалот, што од новата власт го очекуваат граѓаните и што ние мораме да го направиме, туку многу повеќе да се создаде сигурен правен амбиент во кој ќе работат сите стопански субјекти под еднакви и однапред утврдени услови и околности, странските инвеститори максимално ќе бидат заштитени и слободни во располагањето со капиталот, граѓанските и правата на националностите ќе бидат не само целосно гарантирани туку ќе имаат и приоритет во нивната заштита која треба директно Уставот да ја регулира, а носителите на политичките функции однапред ќе знаат што ги очекува доколку ја злоупотребат функцијата.

За да можеме да ги реализираме овие глобални определби, драги колеги и пратеници, потребно е целосен јавен, отворен и прозрачен политички живот. Во затворениот и таинствен политички живот митовите ја намалуваат вистината, а митологијата стварноста. Таинствениот живот е погоден за одржување и создавање на антидемократски и дезинтеграциони состојби и намери и субјективистички неконпетентни бирократски мислења и одлуки. Прикриениот и невидлив политички живот овозможува заткулисни политички игри и комбинации, борба на групите и поединците за власт и позиции во општеството, привилегии и монополи, потхранување разни интриги, озборување, клевети и инфамии. Тајниот и диригиран политички живот, е не само антидемократски, туку е и една од причините за оддалечување на луѓето од учеството во јавните активности и одлучувања за прашања од интерес и значење и за нивниот индивудуален живот.

Затоа, сакам овде од ова место да објавам дека, Собранието на Република Македонија од овој момент ќе биде отворен Дом на граѓаните и се што во него ќе се случува ќе биде јавно и транспарентно, а влезот во него слободен и отворен.

Значи од овој момент Парламентот е отворен за сите граѓани, како што е во сите демократски држави. И, според тоа, јас ги повикувам сите служби и сето она што ќе ги попречи граѓаните да влегуваат и контактираат со нивните претставници, а тоа се пратениците, од сега па натаму да ги отстрануваат тие пречки.

***Почитувани пратеници,***

Демократијата почива врз мудроста што води кон воспоставување консензус на политичките актери за минимумот на државен и национален интерес, но и интересот на социјалните слоеви. Тоа ја наложува потребата од ангажирање на сите творечки потенцијали, поголем степен на заедничка одговорност на политички субјекти во барање оптимални решенија. Тоа, секако, изискува повеќе енергија и повеќе моќ одошто поседува која и да е партија, па и од овие што се претставени во Парелаентот. Во пазувите на општеството, сепак, постојат и слоеви што секогаш се носители на развојот. Нив треба да ги прифатиме, да ги зајакнеме, да ги поттикнеме за да ги отворат одново перспективите на демократијата.

Затоа, уверен сум дека Република Македонија со овој пратенички состав, на Република Македонија и престојат многу посреќни и подоинствени времиња.Се надевам дека секој од вас ќе го делите тоа мислење, мое мислење, и дека ќе придонесете на крајот, кога ќе си одиме од овде, да одиме така како што доликува на народните претставници, односно да имаме барем еден пријател повеќе отколку што до сега ги имавме.

Ви благодарам на соработката. (Аплауз)

Ја користам оваа можност на крајот да изразам благодарност на претходниот

пратенички состав, на претседателот на пратеничкиот состав за напорите што ги вложија во градењето на демократските процеси во Република Македонија и особено да му изразам благодарност на академикот Никола Кљусев за успешното водење на досегашниот тек на седницата, во што воопшто не се сомневав бидејќи има навистина големо искуство и ми претставуваше чест што тој ми беше денеска претседавач на оваа седница.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам првата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија.

Сакам да ви напомнам, почитувани пратеници, дами и господа, дека втората седница ќе биде свикана до крајот на месецов, на која што се очекува да ги избереме потпретседателите на Собранието, да го сослушаме експозето на премиерот, на мандаторот и да гласаме за новата Владана Република Македонија.

На крајот, ве поканувам на еден мал коктел во фоајето.

Благодарам, седницата е завршена.

(Седницата заврши во 13,45 часот).